Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

ЗАПИСНИК
од 474-та ИТНА седница на Судскиот совет на
Република Северна Македонија

Скопје, Јануари 2024 година

Седницата се одржа на ден 18.01.2024 година, Четврток во 14:30 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател;
- **Судија Ханиф Зендели**, Заменик претседател (онлајн преку апликација Вибер);
- **Судија Мери Радевска**, Член (онлајн преку апликација Вибер)
- **Судија м-р.Антоанета Димовска**, Член
- **Судија м-р.Ивица Николовски**, Член;
- **Судија Сашко Георгиев,** Член (онлајн преку апликација Вибер)
- **Судија Мирсад Суроји**, Член;
- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член (онлајн преку апликација Вибер)
- **Павлина Црвенковска**, Член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член

Отсутни членови:

- **Судија Лорета Горгиева,** Член *(оправдано отсутна)*;
- **м-р.Селим Адеми**, Член, *(опрвдано отсустен)*;
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на РСМ *(оправдано отсутна заради неопходни активности-уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, Генерален секретар;
- **Ален Раденковиќ**, Помлад соработник;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиуми.

Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот **Весна Дамева**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, Претседателот на Советот **Весна Дамева** го изложи предлог Дневниот ред за 474-та итна седница:

1. Донесување на одлука за времено упатување на судија од Апелациониот суд Скопје во Основниот кривичен суд Скопје, и
2. Разно

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека е потребно да ги изнесе причините за свикување на оваа итна седница и појасни дека на овој ден неколку судии дадоа свечена изјава за избор во Апелациониот суд Скопје. Еден од овие судии, судијата Александра Ристеска постапува по предметот К.бр.1407/19 на Основниот кривичен суд Скопје познат во јавност под името

“Ласкарци” во кој предмет судијата е член на судечкиот совет. Меѓутоа за жал се до 13.24 минути прв пат дознала дека објава за одлука била закажана за 25.01.2024 година. Од страна на Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје бил доставен допис на 16.11.2023 година во кој побарал делегирање на судијата, но во тој допис не било наведено кога е објава на одлуката. Така да овој овој момент сметала дека Советот треба да заседава бидејќи штетните последици, а тоа е одлагање на објавување на пресудата, предметот ќе се врати на почеток, иако судијата денес беше присутна на давањето свечена изјава, но во ниту еден момент не ја известила Претседателката за оваа работа.

По однос на предложениот Дневен ред Претседателот на советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Откако никој не се јави за збор, Претседателот на советот **Весна Дамева** предложениот Дневен ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно со 7 гласа „За“ усвоен е слдениот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување одлука за времено упатување на судија од Апелациониот суд Скопје во Основен кривичен суд Скопје, и
2. Разно

**Точка 1**

(Донесување на одлука за времено упатување на судија од Апелациониот суд Скопје во Основниот кривичен суд Скопје)

Претседателот на советот **Весна Дамева** наведе дека со допис насловен како барање првично доставен до Советот по е-маил, а подоцна и физички донесен од Основниот кривичен суд Скопје 03 Су.бр.19/24 од 18.01.2024 година, се обрати Претседателот на Основнииот кривичен суд Скопје во која наведува дека судијата А.Р. избрана за судија во Апелациониот суд Скопје постапува како член на судечкиот совет во Основниот кривичен суд Скопје по предметот К.бр.1407/19 во јавноста познат како Автобуска несреќа кај с.Ласкарци во кој предмет има и човечки последици и била закажана објава на одлука за 25.01.2024 година. Во дописот Претседателот на судот наведува дека се работи за сензибилен предмет од јавен интерес, како и заради економичност и целисходност на постапката и доследно почитување на начелкото на судење во разумен рок, а имајќи предвид дека при евентуална промена на судечкиот совет судење ќе треба да започне од почеток со повторно изведување на сите вербални и материјални докази, што може да доведе до одлговлекување на кривичната постапка. Токму од овие причини мораше да биде закажана итна седница, но за жал требаше порано Советот да

биде известен. Ова делегирање на судијата е потребно со цел да не настанат штетни последици во врска со предметот.

Потоа, Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачорва Илиевска** процедурално се јави за збор бидејќи Заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** побара да присуствува на седницата онлајн преку Вибер апликацијата.

Потоа, се обезбедија технички услови и за Членовите на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** и **Мери Радевска** да присуствуваат на седницата онлајн преку Вибер апликацијата.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачорва Илиевска** која наведе дека судијата А.Р. е член на судечкиот совет по предметот К.бр.1407/19 на Основниот кривичен суд Скопје во јавноста познат како Автобуска несреќа кај с.Ласкарци и била закажана објава на одлука за 25.01.2024 година. Согласно член 39 став 9 од Законот за судовите добро би било судијата времено да биде упатена во тој суд додека се заврши рочиштетот за објава на пресудата.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека последиците од неспроведување на оваа информација не доведе до оваа вонредна ситуација и согласно законот Советот може да одржи вонредна седница. Членот упати апел до судијата која даде свечена заклетва дека ќе ги почитува сите позитивни прописи и истиот очекувал оваа информација да преовлада и истата да го извести Советот, бидејќи може да дојде до осуда од страна на граѓаните ако предметот почне одново. Од овие причини потребно е делегирање на судијата со цел предметот да се заврши. Единствена дилема е дека при делегирање од еден во друг суд потребна е согласност од судијата, но смета дека сензитивниот карактер на предметот, интересот на јавноста и последиците кои можат да настанат, смета дека постои претпоставена согласност од судијата.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека согласно одредбата од член 39 став 9 од Законот за судовите не се бара согласност од судијата за времено упатување во друг суд.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека е потребно да се наведе периодот за кој судијата треба да биде времено упатена во судот и тоа да биде до завршување на рочиштето за објава на пресудата, бидејќи одлуката може да не биде објавена на 25.01.2024 година.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека временото уаптување потребно е да биде до обајавување на пресудата.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** одлуката за времено упатување на судијата А.Р. од Апелациониот суд Скопје во Основниот кривичен суд Скопје за период до

завршување на рочиштето за објава на пресудата по предметот К.бр.1407/19 на Основниот кривичен суд Скопје, го стави на гласање.

За гласање онлајн присутен беше и Претседателот на Советот **Ханиф Зендели** преку Вибер апликација.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ донесено е следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Александра Ристеска судија на Апелациониот суд Скопје времено се упатува на вршење на судиската функција во Основниот кривичен суд Скопје, сметано од 18.01.2024 година, се до завршувањето на на рочиштето за објава на пресудата по предметот К.бр.1407/19 на Основниот кривичен суд Скопје.

За упатувањето да се извести Претседателот на Апелационен суд Скопје и претседателот на Основен кривичен суд Скопје

**Точка 2**

(Разно)

Бидејќи за оваа точка никој не се јави за збор односно Дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Советот **Весна Дамева** ја заклучи седницата.

Седницата заврши во 15:15 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот  од гласање се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Весна Дамева**

______________________________

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева